# ШАМПИОНАТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА НА КРУЖНИ ПАТЕКИ

# ПРАВИЛНИК А01 ЗА НАТПРЕВАРИ НА КРУЖНИ ПАТЕКИ ЗА АВТО СПОРТОВИ

**АВТО СПОРТ 2010**

# ПРАВИЛНИК А01 ЗА НАТПРЕВАРИ НА КРУЖНИ ПАТЕКИ ЗА АВТО СПОРТОВИ

**Член 1.**

Со овој Правилник се утврдуваат и најмалите потребни барања за припрема и опремување на патека за реализација на натпревар на кружни патеки.

## ОБЈЕКТ, ПАТЕКА

**Член 2.**

Објектите на кои можат да се организираат кружни авто натпревари се:

- автомотодроми, аеродроми и полигони кои одговараат на условите од овој Правилник.

Организацијата на натпревари во населени места не е дозволена, освен ако целата патека е оградена со “New Jersey” бетонски блокови или со тројновисински поставени браници со висина од 1,40 м. и над тоа заштитна метална жица во вкупна висина до 4 м.

Најмалата дозволена должина на патеката е 1800 м. Најмалата дозволена ширина на патеката е 6 м, со тоа да е на стартната линија најмалку широка 9 м.

На стартот мора да бидат обилежени стартно-целната линија и стартните места.

Стартните места се обележаваат така да првото стартно место е на делот од просторот кој е поблиску до првиот свиок, а друго лево или десно 6 метри зад првото.

Третото стартно место е 12 метри зад првото, четвртото е 12 метри зад второто и тако по ред. Ширината на стартното место е минимално 2,20 м, а длабочината 1,50 м и тој простор се вика "стартен квадрат". Одалеченоста на првиот свиок од стартно-целната линија мора да изнесува најмалку 200 м.

Сите свиоци мора да имаат уредени и осигурани зони на излитување. Доколку е можно истите да се изведат, така да мораат да бидат заштитени со New Jersey бетонски блокови или најмалку со двовисински поставени браници со заштитен ѕид од камионски гума.

Секоја зона за излетување мора да биде означена. Почетокот на зоната на излитување може да биде означена со трака до крајот и мора да биде изведена од цврсти препреки (бетонски блокови или камионски гуми со мин. висина 1,4 м. меѓусебно поврзани).

Должината на зоната за излетување ја одредува Комисијата за лиценцирање на патеки во тек на лиценцирањето и таа зависи од брзината на доаѓање на возилата кон истата.

На ист начин се заштитуваат постоечките објекти во излетните или сличните зони кои е тешко или невозможно да се отстранат.

Надоаѓањето на опасни свиоци или успорувања мора посебно да се обележат со табли. Се препорачуваат ознаки 300, 200, 100, а најмалку 100 и 50 метри.

Подлогата мора да биде асфалтна или бетонска (аеродром), детално очистена и одмастена.

## ПРОСТОР ЗА ВОДЕЊЕ НА НАТПРЕВАРОТ

**Член 3.**

### Водство на натпреварот

Простор за раководење со трката мора да биде заштитен од лицата кои не припаѓаат во раководството на трката. Просторот мора да содржи

UKW радио врска со судиските места, редарската служба, медицинската и противпожарната служба. Се препорачува да постои телефон со надворешна линија. Од уредот на натпреварот мора да постои добра видливост на збиднувањата на патеката, а секако и стартниот простор. Објектот може да биде и монтажен, но мора да биде заштитен од временските влијанија.

Просторот мора да има можност за комуникација со службениот спикер на натпреварот како водството на натпреварот би можело да даде важни известувања или предупредувања.

## Просторот за старт, подиум за стартерот и доделување на признанија

Подиумот мора да биде поставен над теренот најмалку 1 м.

Од тоа заштитено место се изведува секоја потребна сигнализација за пилотите, како што е: стартување, сигнализација со знамиња и табли, финиширање и сл. Местото мора да има UKW врска со директорот на натпреварот, а преку него со сите потребни служби (покажувачи на кругови, бројачи на кругови, судиските места). Во склоп на просторот за старт потребно е да се постават и стартни семафори (мин. 2 ком. на заедничка команда) со пропишани светла и дисплеј, односно табли за покажување на преостанатото време за тренингот или преостанатите кругови во трката за пилотите.

Просторот мора да биде опремен со противпожарни апарати и противпожарна служба (види Член 4 а, б).

Стартно-целниот простор мора да биде озвучен (разглас), но да поради буката не смета на водството на натпреварот.

На стартно-целниот простор организаторот е должен да организира прогласување на победници и доделување на признанија.

За таа цел потребно е да има најмалку подиум за прогласување од 3 (три) скалила, со пригодна декорација, заштитен од користење на неакредитирани лица.

## Простор PIT-STOP Линија

Мора да биде поставен така да влезот во него од патеката е сигурен, што се однесува и на излезот каде мора да постои црвено-жолто-зелен семафор или судија со занамиња.

Брзината во Pit stop линијата ограничена е на 60 км/ч од влазот до излезот, а организаторот е должен да ја спроведува контролата на брзината.

Пилотите, механичарите и пратечките возила мораат во pit-stop-от да имаат несметани услови за работа.

Во просторот на Pit-stop-от потребно е да се обезбеди и место за покажувачи на време и останати известувања за пилотите од стране на пратечките екипи.

За време траење на стартната процедура (од стартот на кругот за загревање па до влезот на пилотите во првиот свиок по изведениот старт) во Pit-stop-от важат посебни правила на безбедност кои организаторот е должен да ги објасни на пилотите на состанокот (брифингот).

Во просторот за Pit-stop, опишан во елаборатот на патеката и Посебниот правилник, се наоѓа обележан простор за изведување на *STOP and GO* казна на пилотите. Простор мора да биде направен во него непречено од сите судии да работи само судијата за изведување на казната. Во исклучителни ситуации просторот за *STOP and GO* казна може да се постави и на стартно-целниот простор.

Во просторот Pit-stop мора да постои место за привремено чекање на интервенција на SAFETY CAR-от.

Просторот мора да биде и опремен со противпожарни апарати (види Член 4а).
Pit-stop-от мора да биде озвучен (разглас).

## Судиски места

За секое главно место одговорен е водителот на местото и неговиот заменик, двајцата обучени за таа функција по положениот посебен испит (лиценца од национален ранг). На располагање да имаат доволен бројна лица кои завршиле основна обука за должностите за следење на места (лиценца од клубски ранг). Водител на местото или неговиот заменик мораат да ја одржуваат комуникацијата со уредот на натпреварот.

На крајот на приредбата функционерите не смеат да ги напуштат своите места пред да помине службеното возило кое ја има отворено трката.

Судиските места мораат да бидат така поставени да пружаат најголема можна сигурност на судиите, да со својата положба имаат квалитетен преглед на патеката и случувањата на истата, како и да се видливи за пилотите поради сигнализацијата.

Најголемата одалеченост помеѓу судиските места не смее да биде поголема од 300 м, исклучиво на правците до 500 м.

Судиските места мораат да бидат така поставлени да на патеката не постои ниту еден дел кој не е покриен со видливост.

Секое место мора да биде означено со плоча со број, кој се зголемува почнувајки од првото место зад стартната линија. Таа плоча мора јасно да се гледа од патеката (препорачливо е да составот на броевите биде поврзан со броевите на свиоците и десетините на должините помеѓу свиоците, 1.5 би било половина помеѓу свиокот 1 и свиокот 2);

Главниот судија на свиокот и неговите помошници мораат на себе да имаат таква облека која не е во боја на главните знамиња, како пилотите не би се доведувале во заблуда.
Се препорачува ПОРТОКАЛОВА облека и бројна ознака на судијата (важи за сите судии во сите служби)

Се препорачува и заштитна кацига за судии.

## <u>Опрема на судиското место:</u>

- комплет знамиња и тоа: 2 x жолто, плаво, црвено, зелено, жолто-црвено на линии, бело
- табла “SC” (Safety car) - црни букви на бела подлога, висината на буквите мин. 40 см а подлогата мин. со димензии 60 см x 80 см
- 15-литарски контејнер и 2 контејнери од 4 литри напунети со калциев карбонат, или со друга материја која го впива маслото (5 кг. струготини), а има слична тежина
- 2 противпожарни апарати C6
- прашок за посипување за суво и влажно (мин. 5 кг)
- метли, четки, во доволен број
- UKW радио врска, ТЕЛЕФОН според можностите

Им се препорачува на организаторите почитување на одредабите од **FIA** Додатокот “**H**” за судиски места.

Судиското место мора да има доволен број на образци за опис на случувањата на судиското место, како и стартна листа.

Доколку има повеќе судиски места во ист сектор потребно е идентично да се опремат.

Организаторот мора за даден случај да има и резервни метли, четки, лопати, прашок за посипување за масло. Се препорачува и вреќа од фина струготини.

## Должности на судиите:

Секое место мора:

-да ги предупреди пилотите со сигнализирање за секоја опасност или незгода која тие не можат да ја предвидат.

- веднаш да ја известат контролата на трката за било каква незгода која се случила во границите на нивното место за делување и да предложат делување на службите за интервенции кога тоа е потребно.

- да обезбедат трката да се одвива праведно од спортско гледиште и да се извести Раководството на натпреварот за било какви неспортски или опасни однесувања, особено во врска со Додатокот “**L**”, Глава 4, од **FIA** Правилникот за однесување.

- да го одржуваат својот дел од патеката да биде чист и без препреки, пробувајќи да ги отстранат било каквото излиено масло, освен ако задолжително не е побарано да тоа не се направи (на пр. во трките за големите награди на “**Formula 1**”) со помош на апсорбирчки материи, метли и лопати.

- на крајот на секоја трка, да се продолжи со надзорот на својот дел од патеката се додека не стигне известување од контролата на трката дека сите возила се вон патеката.

Кај надгледувањето на патеката, директорот на натпреварот (или неговиот помошник) и местата за следење во повеќето случаеви се користат со сигнали да би:

- допринеле за сигурноста на пилотите;
- ги спровеле прописите.

Сигнали се даваат со знамиња со различни бои кои можат да бидат потпомогнати или, во некои услови, заменети со светла.

Црните и белите сигнални табли слични на повеќето знамиња, исто така можат да бидат користени за одредени сигнали: тоа мора да биде јасно назначено во Посебниот правилник на натпреварот.

## Паркинг за пилотите

Служи за паркирање и работа на натпреварувачките возила. Пилотите мора да имаат овозможен влез и паркинг за нивните пратечки, сервисни возила. Паркингот за приватни возила на пилотите организаторот не е должен да го обезбеди во паркингот за пилотите.

Паркингот за пилоти мора да биде заштитен од неконтролираниот влез на неовластени лица.

Паркингот мора да има мин. санитарни услови од 2 WC-а, вода за пиење со мин. 5 славини во доволни количини, приклучоци за електрична енергија и тоа со мин.10 KW моќност.

Просторот од паркингот за пилотите треба да биде асфалтиран, очистен, мора да има канти за отпадоци и канти за одлагање на старото моторно масло во доволен број.

Угостителски објект е задолжителен и тоа на макс. Одалченост од 500 м од паркингот за пилотите.

Во паркингот за пилотите мора да постои доволен број на противпожарни апарати (види Член 4а), противпожарен пат и хидрант.

Паркингот за пилоти мора да има огласна табла и мора да биде озвучен (разглас).

## "Parc-fermé"-затворен паркинг

Служи за паркирање и завршна техничка контрола по завршување на натпреварот.

Просторот мора со ограда да биде заштитен од останатиот простор, чуван и контролиран од страна на лица задолжени за **parc-fermé**.

## Технички преглед, комисија

Просторот за техничката комисија мора да биде покриен, ограден и чуван. Се препорачува гаража за изведување на технички преглед, но просторот може да се покрие и со шатор. Во работниот простор за техничката комисија може да се движат само овластени лица и натпреварувачи кои во тој момент вршат технички преглед.

Комисијата задолжително на располагање мора да има механичка работилница, која ја обезбедува организаторот, со рамна бетонска подлога како техничката комисија би можела истата да ја користи во случај на потреба. Потврдата за работилницата ја предочува организаторот на жирито на натпревато на првата седница.

## Простор за новинари.

Просторот за PRESS центарот, организатор е должен да го обезбеди во близина на одвивање на приредбата. Просторот мора да биде покриен, заштитен од надворешни влијаниа, опремен минимално со телефон и телефакс линија. Во просторот на PRESS центрот мора да постојат столови и столици за непречена работа на новинарите, мора да постои организирана дистрибуција на резултати за сите новинари во доволен број. Работата на PRESS центарот треба да се усогласи со приредбата и мора да биде на располагање во текот на траење на приредбата. Просторот мора да биде чуван со дозвола за движење само за овластени лица и акредитирани новинари, сниматели и слично.

Се препорачува означување на новинарите и снимателите со посебни пропусници со нумеричка ознака, при нивно излегување на патеката.

## Простор за мерење на време, обработка на податоци.

Просторот мора да биде покриен, заштитен од надборешни влијанија, осигуран и чуван од неовластено користење и пречење во работата на екипата.

Положбата мора да биде таква да мерителите имаат непречен преглед на стартно-целната линија.

Водство на натпреварот мора да биде во непосредна близина. Се препорачува UKW радио врска.

## Приемен уред.

Просторот на приемниот уред, организатор е должен да го обезбеди за прием на пилоти со нивната претечка екипа, новинари и сниматели, гости, познати личносто и слично.

Во предметниот простор се врши акредитација и со тоа се овозможува влез и движење во одредени зони. Просторот мора да биде покриен и видливо означен со табла, опремен со столови и столици, и сета потребна документација и информации, врска (UKW или телефон) со водството на натпреварот.

Место каде ќе се наоѓа приемниот уред организатор е должен да го специфицира во Посебниот правилник.

## Простор за верификација, лекар.

Просторот за верификација на документи, како и лекарски преглед мора да биде во затворен простор, заштитен од временски влијаниа.

Просторот мора да биде чуван и контролиран, со видно истакната саатница за работа, наведена во Посебниот правилник.

Просторот за лекарот мора да биде одделен од остнатиот простор најмалку со параван, во случај да лекарот нема одвоен простор.

Опремата во просторот се состои од столови и столици.

Во исклучителни моменти може да се дозволи работа на верификациската комисија на отворен, покриен простор (лекарот мора да работи во затворен простор).

## Простор на секретаријатот, жири.

Просторот на секретаријатот и жирито мора да биде во непосредна близина на водството на натпреварот, во затворен простор заштитен од временски влијаниа.

Просторот мора да има комуникација со водството на натпреварот.

Просторот мора да биде чуван и заштитен од користење на лица кои за тоа не се овластени.

Столови, столици, компјутер со принтер и фотокопир задолжителна се опрема на секретаријатот.

## Простор за састаноци со возачите.

Предметниот простор мора да биде во затворена просторија. Мора да биде заштитен од влез на лица без овластување. Контрола на лица кои влегуваат и присуствуваат на состанокот (брифингот) потребна е поради евиденција за присаство. По можност просторот да се опреми со столици, столови и да биде озвучен.

## Трибини

На просторот на стартно-целната и останатите простори организаторот може да постави трибини за поважните гости и останати гледачи. Кај изработката на трибините треба да се води сметка да истите бидат поставени во склоп со Законот за заштита при работа, статички беспрекорни, да не ги загрозуваат животите и сопственоста на учесниците во натпреварите и да пружаат најголема можна сигурност. Трибината или некој друг адекватен простор за гледачите на стартно-целниот простор е задолжителен.

## ИНТЕРВЕНТНИ СЛУЖБИ

**Член 4.**

## Противпожарна служба, спасување

Како прва интервенција на патеката, паркот за пилотите или pit-stop-от се смета интервенцијата на судиите кои мораат за тоа да бидат опремени најмалку со:

- 2 против пожарни апарати С6 на секое судиско место но не поретко од 300 м
- 4 ком противпожарни апарати С6 во просторот за pit-stop
- 6 ком противпожарни апарати С6 во просторот на паркот за пилотите
- 4 ком противпожарни апарати С6 во просторот за старт

Судиите мораат да бидат оспособени за работа со противпожарни апарати С6 на сув прав тип С.

Службата за други интервенции се састои од најмалку:

- RESCUE CAR интервентно возило со ножици за сечење лим и противпожарни апарати С6. МИН. 1 ВОЗИЛО.
- противпожарно интервентно возило со пена и вода
- противпожарни лица на стартно-целната линија со С50 апарат

Дополнителна опрема на службата за интервенции мора да се састои од:

- опрема за исправање на превртено возило
- огноотпорни покривачи со мин.големина 150 x 150 см

– огноотпони ракавици

Организаторот мора да поседува доволен број противпожарни апарати С6 во случај на потреба и празнење. Сите противпожарни апарати С6 мора да бидат атестирани.

## Медицинска служба.

Како трета интервенција на патеката, во паркингот или pit stop-ot се смета интервенцијата на Итната Медицинска Помош (ИМП). Истата мора да биде опремена и обучена за работа според Медицинскиот правилник на АФМ.

ИМП мора да учевствува на натпреварот најмалку со две (2) возила за потреби и интервенции на патеката.

Службените лекари на натпреварот се одговрни за работата на службата.

За потребните интервенции помеѓу гледачите може да се користи и ИМП од патеката, но само во паузите на натпреварот. Поради сигурност се препорачува трето возило за работа со гледачите.

## Влечна служба.

Во склоп на патеката мора да бидат, присатни за интервенција, најмалку две (2) возила за шлеп кои ќе интервенираат на наредба на судиите. Зависно од квалитетот и конфигурацијата на патеката, од обликот на интервенцијата на SAFETY CAR-от, во елаборатот на патеката може да се пропише и поголем број возила. Сите возила мораат да бидат опремени со сајли за влечење, полуги за свртување на преврртено возило и посуда за истекување на масло од возилата. Се препорачува да едно возило биде опремено со кран за подигање на автомобили (пајак). За брзо извлекување се препорачуваат теренски возила и трактори само како дополнително техничко средство.

## Редарска служба, МВР

Работата на службите е потребно да се усогласат во договор со МВР.

Предметните служби немаат и не смеат да имаат никакво влијание во спортското спроведување на натпреварот.

Сите активности на напреварот е потребно да се координираат со Директорот на натпреварот.

Специфичностите на договорот со редарите организаторот е должен да ги објави на жирито и на сите заинтересирани.

# КОРЕКЦИИ НА ПАТЕКАТА

**Член 5.**

## Шикани, успорувања.

Ако патеката е на аеродром или полигон со долги правци, поради намалување на просечната и крајната брзина, потребно е да се постават успорувања (шикани).

Успорувањата се изведуваат на места и на начин како што пропишала комисијата за лиценцирање на патеки, но најмалку и задолжително:

– препреките за успорување мора да бидат изведени од New Jersey бетонски блокови или од камионски гуми (мин. 3 во висина) меѓусебно поврзани.
– доближувањето на успорувањето мора да биде означено со табли.
– успорувањето мора да биде обоено со две различни бои и тоа сите леви препреки со иста и сите десни препреки со иста боја.
– во близина мора да постојат и резерва припремени гуми.

– во близина мора да постои интервентно возило.
– успорувањето мора да има доволен број на судии за потреба на интервенција и работа со гумите.

## Правец.

Правци чија ширина е преку 15 метри (аеродром) е потребно да се облежат.

Тоа се изведува со автомобилски гуми, но се препорачуваат и патни гумени чунови. Во случај да е подрачјето со јак ветер, гумените чунови се исклучуваат.

Автомобилските гуми мора да бидат означени со боја иста како и успорувањата.

Потребно е да се постават на растојание од најмногу 30 метри една од друга.

## Останато.

Заштита на останатите препреки, првенствено на привремените (полигони) патеки мора да бидат така изведени да пружаат дополнителна сигурност за пилотот.

Сообраќајните знаци и останатите препреки кои е можно едноставно да се демонтираат, симнат, потребно е да се ДЕМОНТИРААТ, привремено да се отстранат.

Зидови, бетонски или камени, кои се попречно поставени на превецот на доаѓање на  возилата, мора да бидат дополнително заштитени со ЅИД од авто гуми и тоа најмалку во висина од 1,40 метри со гуми меѓусебно поврзани. На деловите од таков ѕид каде патот на движење на возилта доаѓа на бочен удар не се поставуваат гуми, туку чист ѕид .

Предметното се одредува кај постапката на лиценцирање односно со прегледот на патеката ден пред натпреварот.

Канделабри, хидранти, дрва (со пречник од преку 10 см) и слични препреки, ако не е можно да се демонтираат односно привремено отстранат, се заштитуваат со камионским или авто гуми и тоа најмалку до висина од 1.40 м и најмалку до ширина од 1.0 метар околу столбот, со меѓусебно поврзани авто или камионски гуми.

## ГЛЕДАЧИ

**Член 6.**

Гледачите мора да бидат на места каде не го попречуваат натпреварот.

Зоните резервирани за гледачите мора да бидат сигурни и заштитени.

Гледачите мора од патеката да бидат одвоени со цврста заштитна ограда, заштитени со New Jersey бетонски блокови, челични браници во тројна или двојна висинска изведба.

За заштитата од заскитаните летечки делови од возилата (ретровизори, браници, пластики, стакло и сл.), во зоните блиску до патеката потребно е да се одвои и заштити со заштитна мрежа цврсто поставена со мин. висина од 2,50 м.

Со МВР и службите за заштита потребно е да се изработи елаборат за зоните за гледачи во смисол на нивната најголема сигурности. Предметниот елаборат е составен дел од елаборатот за лиценцирање на патеката.

Организаторот мора на гледачите да им овозможи користење на угостителски услуги и санитарија.

## ЕЛАБОРАТ НА ПАТЕКАТА

**Член 7.**

Елаборатот на патеката се изработува пред лиценцирањето и е составен дел од барањето за лиценцирање.

**Елаборатот мора да содржи:**

– скица од патеката со најмалку опфатени зони за гледчите усогласени според елаборатот на МВР во размер 1:1000.
– скица на патеката со објекти за изведување на натпреварот (Чл. 3).
– скица на стартот, pit-stop-от, просторот за STOP-GO казна, просторот за водство на натпреварот во размер најмалку 1:500.
– скица од паркот за пилоти со вцртан простор за parc fermé, санитарни објекти, угостителски објект, хидранти, вода, приклучоци за електрична енергија, противпожарен пат и сл.
– описен дел со елаборатот.
– потребни претходни согласности или мислења од надлежните органи за можностите за издавање на дозволи, уверенија (МВР, Македонија пат, Министерство за Транспорт и Врски, Управата за Цивилен Авио Промет, Македонската Армија и слично).

## КОМИСИЈА ЗА ЛИЦЕНЦИРАЊЕ НА ПАТЕКИ

**Член 8.**

На темел на молбата од организаторот, уплатената такса, доставениот елабората од патеката, Комисијата за лиценцирање на патеки ќе изврши преглед и за тоа ќе состави записник.

**Комисијата за сочинуваат:**

– Спортскиот директор на дисциплината
– Претставник од пилотите, пилот со повеќегодишно искуство на кружни патеки
– Пилот, кој бил пласиран до 3.место во Првенството за претходната година.
– Претставник од организаторот

Записникот од лиценцирањето мора да содржи опис на потребните работи кои организаторот е должен да ги направи во веќе опишаниот и предложениот елаборат.

Ако интервенциите на патеката се од таква природа да е потребен преглед поради контрола на превземените обврски, истиот може да го изврши Спортскиот директор и претставникот на организаторот.

Таков преглед може да се изведе најдоцна 8 дена пред почетокот на натпреварот.

Во случај да дојде до несакани работи мора да се откаже натпреварувањето, ќе состави записник и истиот ќе го проследат до ОАС на понатамошно разгледување.

По извршениот преглед на патеката (првата или дополнителната), а на темел од записникот од лиценцирањето на патеката, Секретаријатот на АФМ издава привремена лиценца за патеката (или истата ја одбива на темел на записникот).

Делегатот на натпреварот е должен еден ден пред почетокот на тренингот (по потреба и на самиот ден) да изврши проверка на опишаниот и изведениот терен, како и во пишана форма да издаде дозвола за одвивање на натпреварот или за откажување на истиот.

Писменото одобрение кое на организаторот му го издава делегатот на АФМ на натпреварот значи дека патеката е припремена во склоп со одредбите од Записникот за лиценцирање на патеката и дека натпреварот

може да се одржи. Ова одобрение се однесува првенствено на припремата на патеката и заштитата на зоната за гледачи, а НЕ СЕ ОДНЕСУВА на работата и бројноста на редарската и судиската служба и службите за безбедност на гледачите.

Лиценца за патека важи 3 години.

Во случај да организаторот поседува **FIA** дозвола (лиценца), АФМ не издава лиценца.

Ако во меѓувреме на патеката се работат такви интервенции или промени да е нужен дополнителен преглед, организаторот е должен за тоа да го извести АФМ и побара преглед пред истекот на рокот од 3 години.

Ако на самиот натпревар се утврди дека некои елементи од елаборатот не се доволно сигурни за пилотите и гледачите, жирито на натпреварот и делегатот можат да ги сменат елементите на патеката или поред патеката, во време на одвивањe на натпреварот или по тоа, како и за тоа да ги известат заинтересираните по пат на огласна табла (во тек на натпреварот) или со копија од известувањето на делегатот ако веста следи по натпреварот.

## СОГЛАСНОСТИ, ОСИГУРУВАЊЕ НА УЧЕСНИЦИТЕ

**Член 9.**

Организаторот е должен да ги собере сите потребни согласности, дозволи и одобрувања, како и да ги обезбеди сите учесници во натпреварот според важечките законски прописи, правилата на АФМ и **FIA**.

Секретарот на натпреварот е одговорен за спроведувањето на истиот.

## ЕКОЛОГИЈА, ЗАШТИТА НА ОКОЛИНАТА

**Член 10.**

На организаторот му се наложува да го вложи сиот напор како би се заштитила областа за изведување на натпреварот од било какви неочистувања.

Посебна грижа треба да се обрати на очистувањето на моторното масло, маслото за кочници и останатите нафтени деривати. За таа цел потребно е да се припремат садови, адекватно означени и да се организира нивно празнење на еколошки прифатлив начин.

Да се настојува да се користи биолошки разградиви материи за еднократна употреба или материи погодни за рециклирање.

Да се настојува да со пригодни известувања им се упати на учесниците во натпреварот со цел за зачувување на околината.

## ОЗНАЧУВАЊЕ

**Член 11.**

Секој од битните простори за изведување на натпреварот мора да биде пригодно обележан со натпис. Се препорачува натпис на Македонски и Англиски јазик за просторите и службите, како што следи:

ПРИЕМ - ADMITTANCE, ENTRIES
ТЕХНИЧКИ ПРЕГЛЕД - SCRUTINEERING
ВЕРИФИКАЦИЈА - SPORTING CHEKS
НОВИНАРИ - PRESS
ДОКТОР - DOCTOR
ОГЛАСНА ТАБЛА - OFFICIAL NOTICE BOARD
ЖИРИ - STEWARDS OF THE MEETING
PARK FERMÉ - PARC FERMÉ

## СИГНАЛНИ ТАБЛИ И ЗНАМИЊА

**Член 12.**

Табли и знамиња кои се употребуваат на натпреварите мора да бидат со одреден облик, боја и големина, како што следи:
- ЦРВЕНО ЗНАМЕ И ЦЕЛНО ЗНАМЕ - 80 X 100 см мин.
- ОСТАНАТИ ЗНАМИЊА - 60 X 80 см мин.
- ТАБЛА 1,2,3,4,5 - 30 X 30 см, на сина подлога, со бел број
- ТАБЛА 10 мин, 5 мин, 3 мин, 1 мин, 30 сек - 50 x 50 см, на сина подлога, со бел број
- ТАБЛА 5 сек - 30 x 30 см, на жолта подлога, со црн број
- ТАБЛА SAFETY CAR - 80 X 60 см, на бела подлога, со црни букви SC
- ТАБЛА "WET RACE" - 20 X 50 см, на жолта подлога, со црни букви
- ТАБЛА - "STOP" - 20 X 40 см, на црна подлога, со бели букви
- ТАБЛА - "GO" - 20 x 40 см, на бела подлога, со црни букви
- ТАБЛА - "STOP-GO" во размер од 30 см - на црвена подлога, со црни букви STOP - на зелена подлога, со бели букви GO
- ЦРНА ТАБЛА - 50 X 50 см, на црна подлога
- ОГРАНИЧУВАЊЕ НА БРЗИНА 60 km/h - сообраќаен знак за ограничување на брзината.

## ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 13.**

Сите организатори се должни да се придржуваат на овој Правилник, а мораат своите постоечки елаборати на патеки да ги прилагодат во склоп со овој Правилник и да ги пратат до Спортскиот директор на увид 60 дена пред натпреварот, без обзир на важноста на лиценцата.

Измените, дополнувањата и толкувањето на овој Правилник во исклучива надлежност е на Спортскиот директор за кружни натпревари А 01 и ОАС на АФМ.

Овој Правилник стапува на сила од данот на објавување на службената "**web**" страница на АФМ.

Скопје, 17. Декември 2009.

**Спортски директор за**
**за кружни за натпревари А01**

**Даниел Крстевски**

**Претседател на Одборот**
**Авто Спорт на АФМ**

**Ранко Станојковски**